| | |
|---|---|
| **Неделна тема:** | „Моето семејство-мое богатсво“ |
| **Содржина на денот:** | „Игри без граници“ |
| **Возраст:** | 2-3 години |
| **Воспитувач:** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности:** |
| **Здрави и безбедни навики:** | Правилно миење на рацете проследено со песна:<br>„Рачиња си мијам, со сапунче ги тријам,<br>тра ла ла, тра ла ла, со сапунче ги тријам.<br>Чисти ми се сега ете, јас сум среќно дете!“ |
| **Активности:** | За да му понудите на детето интересна активност/игра  која ќе му го задржи вниманието, не се секогаш  потребни скапи играчки, туку материјали кои можеме да ги најдеме дома и во непосредната околина. Од рециклирачки материјали можете да направите играчки кои ќе му бидат многу привлечни и забавни на детето.<br>На сликата која оди во прилог можете да забележите како можеме да го насочиме вниманието на детето кон некоја игра или активност.<br>На рамна подлога ставете пластелин или тесто.Во него боцнете стапчиња од пластика или некои поцврсти цефки.Најпрво Вие почнете да ставате макарони на стапчињата, потоа нека става и Вашето дете.<br>Ролните од тоалетната хартија можат да Ви послужат за друга игра, всушност детето може да ги става во тавата за печење мафини.<br>Влошките од јајцата дупнете ги од испакнатата страна, а детето во дупките нека ги става чепкалките за уши.<br>Не се вознемирувајте ако вниманието на детето трае многу кратко или ако детето не појави интерес за ниту една од овие активности, бидете креативни и направете нешто што е по негова желба и интерес.<br>Сите овие активности нека бидат под Ваш надзор. |